ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Градоначалник
Светозар Марковиќ" 1, 2320 Делчево Тел./Факс: +389(0)33 411 550 e-mail: info@delcevo.gov.mk
www.delcevo.gov.mk

Република С Македонија
УП 1 бр 08-17 од 08.06.2022 г Општина Делчево

Врз основа на член 46 став 9 и член 35 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.199/14, 44/15,193/15,31/16,163/16,64/18 и 168/18), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02 а согласно и донесената Годишна програма за изработување на урбанистички планови на Општина Делчево за 2022 година со Одлука бр. 09-2544/1 од 28,12,2021 година, донесен од Советот на Општина Делчево, Градоначалникот на Општина Делчево донесе:

# О Д Л У К А

## За спроведување на јавна презентација и јавна анкета

### Член1

Се спроведува ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ЈАВНА АНКЕТА доставен Детален урбанистички план (ДУП) за УЕ2, дел од урбан блок 2.6 од мај 2022 г предлог план 2019-2024- Општина Делчево

### Член 2

Овој локалитет е дефиниран со следните граници:

- на **северо-исток** границата се движи по осовината на улица „Новопроектирана",
- на **југо-исток** границата се движи по граници на КП 8761/4, КП8761/2, КП 8764, КП8766 и
- на **југо-запад** границата се движи по осовина на ул.„Маршал Тито ".

површина 5.08 ха

Улици во рамките на опфатот на планот се : улица Маршал Тито, Крушевска и ,, Новопроектирана,,

### Член 3

Одлуката за организирање на јавна анкета и јавна презентација за Урбанистичко-планската докуметација - Детален урбанистички план (ДУП) за УЕ2, дел од урбан блок 2.6 мај 2022 предлог план 2019-2024- Општина Делчево ќе биде изложена на Огласна табла на Општина Делчево, на продавница ,, ЕУРО ТИМ,, во населбата, на веб страницата на Општина Делчево и на системот е - урбанизам.

Јавната презентација ке се одржи на ден 30.06.2022 г во просториите на Спомен дом ,АСНОМ,, ( во холот ) со почеток во 11:00 часот и почетокот на јавната презентација воедно ќе претставува и почеток на јавна анкета, а истата ке трае 10 работни дена, односно заклучно со 18.07.2022 година а приемот на анкетни листови и информации за планот може да се добијат од 8,00 часот до 15 часот во просториите на Општина Делчево во архива или соба бр/5 како и преку системот е - урбанизам . Во наведениот период и време заинтересираните правни и физички лица ќе можат да пополнат и достават анкетни листови.

### Член 4

Заради обезбедување пристапност во увидот на граѓаните и правните лица планот ќе биде изложена на Огласна табла на Општина Делчево, на продавница ,, ЕУРО ТИМ,, во населбата, на веб страницата на Општина Делчево и на системот е - урбанизам..

Општина Делчево - Градоначалник
Горан Трајковски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО ДЕЛЧЕВО